**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-239
27.04. **2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2193/1 од 20.04.2017 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик, од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), на начин што радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, на 17 март 2017 година, не обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификувана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2193/1 од 20.04.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на

одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 20 април 2017 година, извршила програмски надзор (мониторинг) на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, емитуван на 17 март 2017 година, при што констатирала дека радиодифузерот не обезбедил најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори. Имено, констатирано е дека на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, на 17 март 2017 година, се емитувани вкупно 31.70% вокално-инструментална музика на македонски јазик и инструментална музика од македонски автори.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2193/1 од 20.04.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2193/1 од 20.04.2017 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе Решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

1)Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2193/1 од 20.04.2017 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

| Примено: 20-04-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2193 | 1 | |

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 17 март 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 април 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија);

   - Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со мониторингот на снимката од радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, емитуван на 17 март 2017 година, на регионално ниво (Скопје), **е констатирано прекршување <u>на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.</u>**

На радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, на 17 март 2017 година, се емитувани **вкупно 31.70%** вокално-инструментална музика на македонски јазик и инструментална музика од македонски автори.

8. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, на 17 март 2017 година, не обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***